

# FOREVER

MACEDONIA

Октомври 2017 | Број 192

# СЕРТИФИЦИРАН КВАЛИТЕТ

**SUCCESS DAY**

**14.10.2017**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

## ДЕНЕС, А НЕ ЕДЕН ДЕН

**Rex Maughan**

## ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА РОЛФ КИП

## ШТО ПРЕТСТАВУВААТ МЕНАЏЕРИТЕ ОРЕЛ

**Gregg Maughan**




# Што претставуваат Менаџерите ОРЕЛ

**За неколку дена неколку илјади сопственици на Форевер бизнис ќе отпоздравуваат кон брегот на Барселона од палубата на крузерот „Слобода на морињата“, со кој ќе пловат низ Средоземното море. Ова е една од наградите за Менаџерите ОРЕЛ и иако е суштински дел од програмата за стимулирање, има уште нешто што можеби не сме го спомнувале доволно често – што значи да бидеш ОРЕЛ.**

Признанието е важно, но уште поважни се особините кои го дефинираат типот на сопственик на Форевер бизнис, кој го претставува Менаџерот ОРЕЛ. Следните четири карактеристики не се единствените идентификатори на вистинскиот лидер, но се неколку од најизразените и типични за успешните.

### Верување

Да верувате во себе, во производите, во бизнисот и во самото патување не е само основна карактеристика на одличниот Форевер лидер, туку е и посебна моќ што ги одржува ОРЛИТЕ секогаш позитивни и истрајни. Кога ОРЕЛОТ верува вистински, тој може да постигне сè, бидејќи вербата и желбата се половината од тајната на успехот. Ништо не може да поколеба лидер со силна верба.

### Одговорност

Ако го прашате Менаџерот ОРЕЛ што сака да постигне следниот месец, може да ви каже дека сака да ги зголеми неговите продажби за 15%. Кога по месец дена повторно ќе зборувате со истиот ОРЕЛ, можете да се обложите дека тоа го постигнал и е подготвен да раскаже како го направил тоа. Да бидете ОРЕЛ значи дека сте подготвени да направите сè што е потребно за да ја постигнете целта.

### Комуникација

Можеби мислите дека комуникацијата е една од најважните карактеристики на луѓето во мрежниот маркетинг, но ќе се изненадате колку многу сопственици на Форевер бизнис не разбираат целосно што значи комуникација. Лидерите се виртуози во комуникацијата и ја користат за да ги насочуваат другите да ја остварат својата замисла, со тоа што им предлагаат насоки, мотивација и цел. Комуникацијата е и вербална, и невербална. Таа вклучува способност да изразуваш позитивни вести и признанија, но и да можеш да критикуваш конструктивно и да се справуваш со негативни реакции.

### Конзистентност

Можеби една од најважните особини на лидерот е неговата конзистентност. Ако секогаш и непоколебливо се придржувате на едни и исти принципи, значи дека сте претворени во непотоплив брод. Независно колку е бурно морето, бродот никогаш нема да ве изневери. Конзистентноста се гради со градење на правилните навики и кога не забораваме кон што се стремиме. ОРЛИТЕ се олицетворение на конзистентноста, бидејќи градат бизнис кој носи успех не само лично на нив, туку и им помагаат на другите да одат нагоре. За да се постигне ова, тие мора да бидат способни да обучуваат, менторираат и да ги водат соработниците по патот нагоре.

**Да бидете ОРЕЛ значи дека сте подготвени да направите сè што е потребно за да ја постигнете целта.**

Квалификацијата за Менаџер ОРЕЛ 2018 е отворена до 30 април 2018 г. Дали сте подготвени за предизвикот? Разговарајте со други ОРЛИ и прашајте ги како ги постигнале успесите, дознајте што е потребно за да бидете еден од овие лидери. И не пропуштајте да ги следите настаните на овогодишната средба на Менаџерите ОРЕЛ преку социјалните мрежи и хаштагот #EMR17. Наскоро ќе дознаете зошто не треба да ја пропуштите шансата да станете дел од елитата на Форевер.

Не престанувајте да се насмевнувате,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Денес, а не еден ден



**Со наближувањето на 40-тиот роденден на Форевер, се сеќавам дека кога ја основав компанијата немав претстава дека по 40 години таа ќе работи во повеќе од 150 земји и ќе има работна сила од милиони независни сопственици на бизнис.**

Јас едноставно го основав Форевер, воден од сонот, како што прават и многу од сопствениците на Форевер бизнис. Дали успешно го следиме нашиот сон зависи исклучиво од нас лично.

Стара поговорка за законот на Паркинсон вели:

> **„Работата расте сѐ додека не се исполни расположливото време.“**

Парафразирано на нашиот јазик – ако си кажете дека ќе ви треба една година да станете Менаџер, навистина ќе ви треба година. Ако си кажете дека ќе ви одземе три месеци да станете Менаџер, навистина ќе ви требаат само три месеци. Прашањето кое треба да си го поставите е – колку силно сакате да ги исполните вашите цели и колку сте спремни да работите за да ги остварите?

Ова се нарекува мотивација преку краен рок. Познавам многу од нашите сопственици на бизнис ширум светот и приказната на секој од нив ме фасцинира. Што ги прави успешни? Што ги прави уникатни? Има една историја на сопственик на Форевер бизнис, која го предизвика мојот интерес за оваа теорија, бидејќи совршено го илустрира законот на Паркинсон.

Кога младата мајка се запознава со можноста, таа е свесна дека располага со многу кратко време за да докаже дека Форевер бизнисот е реална шанса за нејзиното семејство. Нејзината мотивација ја влече напред секој ден и ја потсетува дека очајно бара како да се извлече од начинот на кој живеат таа и семејството.

Додека со своите блиски поминува низ исклучително тешки моменти, таа се обврзува да докаже само за неколку седмици дека бизнисот работи. Во овој краток рок не се крие само посветеност, туку и итност, и верба дека Форевер ќе биде нејзиното спасение. Таа си даде рок шест седмици и можете ли да замислите дека ѝ одзема точно толку време да стане Менаџер?

Користејќи ги истите принципи, оваа сопственичка на Форевер бизнис за само неколку години се здоби со посакуваното од мнозина членство во Глобалниот лидерски тим и од корен го промени својот живот.

И сето ова поради итноста. Итноста е дефинирана како нешто важно, кое бара итно дејство. Помислете колку брзо сакате да си обезбедите втор доход, да ја напуштите сегашната работа, да си купите нова кола, да им обезбедите на децата подобро образование.

Дали сте подготвени да направите голем напредок во бизнисот? Мотивирајте сѐ со краен рок и создадете си чувство на итност што ќе ги направи вашите соништа реалност.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**



# Основните принципи на Ролф Кип

**Сопствениците на Форевер бизнис №1 во светот и Менаџери „Двоен Дијамант“ – Ролф и Доминик Кип досега заработиле над 10 милиони долари само од програмата Chairman‘s Bonus. Еве неколку совети од феноменалниот Ролф.**

Луѓето постојано ме прашуваат за тајната на мојот успех и секогаш се разочарани кога ќе разберат дека таква не постои.

Сè беше континуирана работа, трудољубивост и дисциплина, ентузијазам, упорност и издржливост и најважното – структуриран и планиран начин на работа.

**Пет години** работев по седум дена во седмицата, помеѓу 14 и 16 часа на ден. По утринскиот спорт и појадокот, започнував во 7.30 часот и во поголемиот дел од денот бев во движење и имав деловни средби.

**Секој ден** имав колку е можно повеќе разговори – и телефонски јавувања за воспоставување на нови контакти и средби за спонзорирање на кои ги претставував производите и бизнис можностите. Овие средби ги распределував преку целиот ден и тоа на секој час.

**Во вечерните часови,** мојата програма секогаш вклучуваше бизнис презентации и обуки за новите луѓе кои се приклучија во бизнисот. Мојот фокус беше на активностите кои придонесуваат за развој на секоја мрежа:

- **воспоставување на контакти со луѓе;**
- **споделување и продажба на производи;**
- **спонзорирање на нови луѓе.**

**Ова се активности** кои ви носат бодови и ве придвижуваат со едно ниво повисоко во маркетинг планот. Само така ќе се доближувате до вашите цели! Затоа придржувајте сè до овие активности секојдневно и не запирајте!

Гледате дека нема ништо особено и сложено кое треба да го учите со месеци. Ова се едноставни активности кои секој може да почне да ги прави веднаш. Ви посакувам успех!

Не читај постојано истории за успехот на други луѓе. Напиши си сопствена!

Сè на што се фокусираш, ќе расте!

Дисциплината го надминува ентузијазмот! За вашиот голем успех како претприемач не е одлучувачки со каков ентузијазам ќе започнете, туку каква е вашата дисциплина до крај да се придржувате до сите активности кои се неопходни за развој на вашиот бизнис!

# Седмична програма


СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ

Почитувани сопственици
на Форевер бизнис,
драги пријатели,

Пред неколку седмици повторно започна учебната година на децата и се надеваме дека сте сè погрижиле за учениците околу вас. Почнувајќи од секојдневното миење на забите со пастата на Форевер, задолжителниот Алое липс и до редовното пиење на гел од алое и детските витамини. Сето ова ќе биде корисно за децата околу вас да имаат поздрави заби, виталност, повеќе енергија и помалку боледувања или побрзо закрепнување кога е неизбежно.

Но, не ве потсетуваме само заради тоа за училиштето. Има уште нешто што може да биде многу корисно и за вашиот бизнис. Се вика **седмична програма.** Тука мнозина од вас сигурно ќе се запрашаат што има заедничко учебната програма со нашиот бизнис? Да објасниме. Дали се сеќавате на почетокот на годината кога наставниците нѝ ја диктираа седмичната програма? Таа ги содржеше часовите по сите предмети кои се повторуваа секоја седмица. А по неколку седмици така свикнувавме на неа, што без размислување знаевме што следува по секој час и можевме да се подготвиме за сè и ништо да не пропуштиме.

Овој метод ви го препорачуваме за создавање на навики кои ќе ви помогнат да си изградите успешен и доходовен мрежен бизнис.

Подгответе лична **седмична програма** и во неа ставете часови за активностите кои водат до резултати при градењето на мрежа во МЛМ. А тие вклучуваат: воспоставување на контакти, канење на луѓе, организирање и спроведување на презентација на производите и бизнис можноста. Ви препорачуваме поголем дел од времето што сте го предвиделе за бизнисот да биде искористено за тие активности и да бидат присутни секој ден во седмичната програма. Тие ќе бидат вашите задолжителни „сесии“, за време на кои ќе се поврзувате со луѓе и ќе воспоставувате контакти, ќе работите на фејсбук, ќе се јавувате по телефон и ќе каните потенцијални клиенти и соработници на претходно планирани и организирани средби, и најважното – ќе имате доволно разговори и презентации за спонзорирање, за претставување на бизнис можностите, како и за обука и работа со ново спонзорираните партнери. Исто како во училишната програма, така и во вашиот **седмичен план,** направете сè што е можно да распределите **едни и исти активности во едни и исти денови и часови во седмицата.** Вака кај вас ќе се формираат програмирани навики кои ќе ви помогнат седмица по седмица да ги извршувате планираните активности. Брзо ќе се навикнете и тие ќе станат навика во вашето секојдневие, како миењето на забите на пример.

Можеби ќе прашате: „А зошто да не си правам список со работите кои треба да ги завршам?“ Класичниот список со задачи не е погоден за оваа цел. Бидејќи дури откако ќе одредиме јасно **кога** сакаме да исполниме конкретна задача и ќе ја запишеме во **календарот**, дури тогаш ќе се јави и поривот за нејзино остварување.

Успехот во нашиот бизнис не доаѓа за ден или два и затоа треба да имате **план и систем**, кој ќе ви помогне да ги извршувате организирано потребните активности и без пропусти во подолг временски период.

Кога знаеме без размислување кога, како и каде ги исполнуваме активностите кои се дел од работните навики, постигнувањето на целите ќе нѝ биде далеку полесно.

И наскоро нештата ќе започнат да се добиваат со сè поголема леснотија. Додека се свестите, ќе стигнете таму каде што сметаме дека секој од вас заслужува да биде – на врвот!

И така, ако веќе не сте ја направиле, седнете уште денес и пригответе ја седмичната програма. Не заборавајте дека одличните не пропуштаат ниту еден час од неа и однапред се подготвуваат за секој час!

**Со љубов и секогаш со Вас,**

*Стефан и Тања Стаеви*

## 2 – 8 октомври 2017 г.

| час | 2 октомври понеделник | час | 3 октомври вторник | час | 4 октомври среда | час | 5 октомври четврток | час | 6 октомври петок | час | 7 октомври сабота | час | 8 октомври недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8:00 | Работа со „Први чекори до Менаџер“ | 8:00 | Работа со „Први чекори до Менаџер“ | 8:00 | Работа со „Први чекори до Менаџер“ | 8:00 | Работа со „Први чекори до Менаџер“ | 8:00 | Работа со „Први чекори до Менаџер“ | | | | |
| 9:30 | Средба со Марија | 9:30 | Производи од ФЛП | | | | | | | | | | |
| 11:30 | Тел. повици за средба | | | | | 12:00 | Следење на клиенти | | | | | | |
| | | | | 12:30 | Средба за планирање на бизнисот | | | | | 11:00 | Претставување на можностите | | |
| 17:30 | Средби со клиенти | 17:30 | Претставување на производи | 17:30 | Претставување на можностите | | | 16:00 | Кафе со Иван за 1:1 | 12:30 | ДЕН на УСПЕХОТ | | |
| 19:00 | Работа со список со имиња | 19:15 | Тел. повици за средба | | | | | 18:30 | Бизнис обука | | | 16:00 | Работа на Фејсбук |
| | | 20:00 | Имеил контакти и повици | | | 18:30 | Средба за планирање со тимот | до ..... | Миклош Беркич | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

# СЕРТИФИЦИРАН КВАЛИТЕТ

**Форевер е горд на квалитетот и чистотата на сите свои производи. Ние не само што располагаме со најсовремени капацитети за производство и дистрибуција, туку сме и носител на неколку официјални сертификати кои се атест за високиот квалитет на нашите производи и за строгата контрола низ која тие поминуваат. Еве некои од клучните сертификати што ги добија нашите производи.**









Сите сертификати и декларации ќе ги најдете на нашиот сајт **www.flp.bg**

ALOE CONTENT & PURITY IN THIS PRODUCT
CERTIFIED
INTERNATIONAL ALOE SCIENCE COUNCIL

## Меѓународен научен совет за алое

Основан во 1981 год., Меѓународниот научен совет за алое (МНСА) е создаден за да ја заштитува алое индустријата од нелојалната конкуренција и нечесните практики. Целта му е да гарантира дека во браншата се почитуваат етичките принципи на работа и секој производител кој сака да има МНСА статус, треба да се придржува до строгиот етички кодекс на советот.

Компаниите со производи од алое, кои одговараат на високите стандарди утврдени од МНСА, се сертифицираат и добиваат право да го стават на нивните опаковки печатот на одобрение на Меѓународниот научен совет за алое. Оваа програма за критичко тестирање започна во 1985 год. и во 1986 год. МНСА објави дека гелот од алое вера и нектарот од алое и брусници на Форевер се првите производи кои одговараат па дури и ги надминуваат високите стандарди на Советот за наука на алое.

Меѓународниот научен совет за алое продолжува редовно да спроведува ригорозни тестирања и истражувања за алоето на Форевер и ние сме горди што значителен дел од нашите производи го носат печатот на одобрување на МНСА. (www.iasc.org)

## Без глутен

Глутенот е протеин во пченицата, ’ржта и јачменот, кој често се додава во храната за да помогне таа да ја зачува својата форма, бидејќи има својство слично на лепило. Интолеранцијата на пченица и глутен станува сѐ поприсутна и затоа Форевер нуди широка гама од производи, сертифицирани како безглутенски.

## Вегетаријански/ вегански производи

Со растечката популарност на здравиот начин на живот, сѐ повеќе луѓе избираат вегетаријанска или веганска храна. Знаеме дека за многу сопственици на Форевер бизнис и клиенти на компанијата во целиот свет овој начин на живот е исклучително важен. Затоа сакаме да споделиме со вас дека многу од производите на Форевер не содржат никакви животински производи и се погодни за вегани и вегетаријанци.




## Кошер

Терминот „кошер“ е повран со чистота и строг надзор. Производството на кошер храна се придржува до строгите упатства наведени во еврејските закони за храна. За да се прифати даден производ за кошер, тој треба да помине преку темелна и контролирана техничка процедура по чекорите опишани во Тората. Кошер производите исполнуваат многу барања за чистота и квалитет и затоа Форевер е горд што предлага асортиман од производи кои носат Кошер сертификат.

## Скокачко зајче

Форевер Ливинг Продактс е одлучно против какви било тестирања врз животни и се обврзавме во ниту еден дел од синџирот на снабдување да не се спроведуваат такви тестови. Горди сме на фактот дека сме акредитирани од организацијата „Скокачко зајче“ – меѓународно признат сертификат за козметика и производи за лична и домашна хигиена. Акредитацијата ја добиваат компании чие производство внимателно се проверува и истата гарантира дека производите не се тестираат врз животни.

*(www.leapingbunny.org)*




## Халал

Од 1982 год. Исламскиот совет за храна во Америка (IFANCA) се посвети да им помага на потрошувачите со информации за халал. Халал е арапски збор што значи „легитимен“ или „дозволен“. Исхраната со халал производи е поврзана со почитување на специфични упатства за муслиманите кои живеат според исламскиот закон и практика. Симболот за сертификација на IFANCA – буквата М со полумесечина се става на производи кои се „халал“. За тоа да се добие, производите треба да ги исполнуваат строгите барања и да подлежат на темелни проверки на квалитетот. Халал производите не содржат алкохол и сомнителни состојки од животинско потекло. Форевер е горд што многу од нашите производи го носат сертификатот „халал“.

*(www.ifanca.org)*

## Клуб 4 – ниво 2

Др.Теута и Реџеп Ајети




## СУПЕРВИЗОРИ

Оџаклиеска Флора – Скопје



## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Алексовска Рада – Куманово
2. Алексовска Мери – Куманово
3. Андоновска Лидија – Кочани
4. Атанасовски Владо – Скопје
5. Бабамова Елена – Скопје
6. Гаревска Елена – Неготино
7. Георгиевска Билјана – Струмица
8. Георгиевски Методија – Куманово
9. Зајков Зоран – Валандово
10. Идризи Дашвије – Куманово
11. Илова Ленче – Неготино
12. Јованова Марија – Кавадарци
13. Кочоска Ана – Скопје
14. Манческа Ката – Прилеп
15. Матевски Богољуб – Скопје
16. Милосављевиќ Марин – Куманово
17. Миткова Лилјана – Кочани
18. Незири Ваедин – Куманово
19. Петкова Валентина – Велес
20. Петрова Софијанка – Штип
21. Раниќ Георгиева Теа – Скопје
22. Ристова Виолета – Радовиш
23. Самарџиска Бети – Штип
24. Спиров Горан – Штип
25. Ставрева Анита – Куманово
26. Стојанов Борис – Штип
27. Фатбардха Ислами – Куманово
28. Хитај Алије – Куманово
29. Цветковиќ Сашка - Грделица
30. Шопова Делфина – Велес

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Др.Снежана Контра
4. Славица Донакова
5. Блага Крстеска
6. Слафко Михајловски
7. Катерина Трајчевска
8. Жарко Георгиевски
9. Стевица Димовска
10. Дончо Ѓорѓиев

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Жарко Георгиевски
4. Македонка Петровска
5. Славица Донакова
6. Стевица Димовска
7. Др.Теута Ајети
8. Др.Снежана Контра
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Младен Димовски

## SUCCESS DAY

**14.10.2017**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

## ВАШИОТ БИЗНИС X2

Удвојте го вашиот бизнис со помош на ПРОМОЦИЈАТА во октомври **Новус клиент и Асистент Супервизор** - направете порачки во вредност од најмалку 1 бод на личен код и вклучете 1 нов СФБ




**Супервизор и повисоко** - направете порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код и вклучете 2 нови СФБ
Доколку ги исполните барањата, добивате еднократно подарок - крпа за бања со логото на Форевер.

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.